


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 56,
МЕСЕЦ
МАРТ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОБНОВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНАТА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КОН НАСЕЛБА ГЛИШИЌ. НА ТЕРЕН РАБОТЕШЕ ЕКИПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ .
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕКОГАШ СЕ ГРИЖИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ ПРЕКУ РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ГОЛЕМ БРОЈ ПРОЕКТИ.




ДОЈДЕ ВРЕМЕ УБАВИТЕ ФОНТАНИ ВО НАШИОТ ГРАД ДА СЕ СТАВАТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!






ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА ДЕЛ ОД УЛ. „25 МАЈ" КОЈ ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖИ ПРИСТАП НА НЕКОЛКУТЕ КУЌИ КОИ ДОСЕГА НЕМАЛЕ.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИЗНОС ОД ОКОЛУ 1.000.000 ДЕНАРИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО МУЛЧИРАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО КАВАДАРЦИ И ПОДКОЖУВИЕТО.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПАТНИОТ ПРАВЕЦ МАРЕНА - СОПОТ, А ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН СЕЛАТА РЕСАВА, БЕГНИШТЕ, ДРЕНОВО, ШИВЕЦ, ВОЗАРЦИ, КАКО И СИТЕ ВИКЕНД НАСЕЛБИ И СЕЛАТА ВО ПОДКОЖУВИЕТО.



САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИ ЖАРДИНЕРИИ НА УЛ. „7 СЕПТЕМВРИ" ОД СТРАНА НА ГРАДЕЖНАТА ГРУПА ПРИ Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.







ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ФОНТАНАТА ВО СПОМЕН НА САШКО ГЕШОВСКИ, НА КРУЖНИОТ ТЕК КОЈ ГО ДОБИ НЕГОВОТО ИМЕ. ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ СЕ СОСТОИ ОД ЦЕНТРАЛНА КРУЖНА ФОНТАНА СО ВИСОК МЛАЗ ВОДА И ДВЕ ПОЛУКРУЖНИ ФОНТАНИ КОИ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ОД ТЕМЕН МАТЕРИЈАЛ КОЈ ЈА ОБИКОЛУВААТ ЦЕНТРАЛНАТА ФОНТАНА, МАТЕРИЈАЛИТЕ СЕ МОДЕРНИ, ЛЕСНИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ДОЛГОТРАЈНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ОЈА ДООЕЛ, А ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е ВО ВИСИНА ОД 2 700 000,00 ДЕНАРИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАТЕКИ ОКОЛУ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





ВО ТЕК Е АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРОКОПИ НА УЛ.СТРАШО ПИНЏУР. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА СИТЕ ПРОКОПИ ВО УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ.






ПОДГОТОВКИ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАТЕКИ ОКОЛУ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КАПТАЖИТЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.

ПРВА ФАЗА, СО КОЈА Е ОПФАТЕН ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 1600М2, ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ.

ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ИЗНОС ОД 4.000.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ОСТАНАТИТЕ 3.400.000 ДЕНАРИ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНАТА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР, СИТЕ КУЌИ ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ЌЕ БИДАТ ПРИКЛУЧЕНИ ВО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА И НЕМА ДА ИМААТ НИКАКОВ ПРОБЛЕМ ВО ОДНОС НА ИСТАТА ВО ИДНИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ.







ВО РАМКИ НА ПОСЕТАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЃОКО ВЕЛКОВСКИ, ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЈА ПОСЕТИЈА И ЛОКАЦИЈАТА НА КОЈА Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ ИЗГРАДИ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ЗА КОЈ СЕ ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ, А ИСТИОТ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ.
ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ЗАЕДНО СО ПРАТЕНИКОТ ЗОРАН ЈОВАНЧЕВ И СОВЕТНИКОТ ПЕРО НИКОЛОВ, ОСТВАРИЈА РАБОТНА СРЕДБА СО ЗАМЕНИК МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО ЦВЕТАН ТРИПУНОВСКИ. НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА АКТУЕЛНАТА
СОСТОЈБА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ, ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ, НО И КАКО ИСТИТЕ ДА СЕ НАДМИНАТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ ВО НАСЕЛБА СТРАШО ПИНЦУР, ОДНОСНО НА УЛ. „ИНДУСТРИСКА" НА ПОВРШИНА ОД 4600М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО ЈП КОМУНАЛЕЦ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА МРЕЖА. ОВОЈ ПРОЕКТ Е СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.ВОЗАРЦИ.

ВО ТЕК Е ТАМПОНИРАЊЕ НА СИТЕ УЛИЦИ ПО ШТО ЌЕ СЛЕДИ И ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ.

ДЕНЕС, ЕКИПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВРШИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ШАХТИ НА ГЛАВНАТА УЛИЦА.

ОТКАКО СЕ ИЗВРШИ ПОРАМНУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО, А ПОТОА И НОСЕЊЕ НА МИЛ И ПЕСОК, СЕ ЗАПОЧНА СО ИСКОП ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НОВ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ И ДРЕНАЖА ВО
ДОЛЖИНА ОД 800 МЕТРИ.

23. ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, СЕ ОДРЖА СЕДУМНАЕСЕТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН.



# НАСТАНИ

НА КАВАДАРЕЧКИОТ ПОЛУМАРАТОН УЧЕСТВУВАШЕ И СТОЈАНЧЕ, ПОМЛАДИОТ СИН НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЗАЕДНО СО ЌЕРКАТА МИЛА ГО БОДРЕА ОД ПУБЛИКАТА.
УБАВО Е КОГА СПОРТСКИОТ ДУХ Е ПРИСУТЕН И КАЈ НАЈМАЛИТЕ. КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД СО НАДЕЖНИ МЛАДИ ТАЛЕНТИ.






СЕ ОДРЖА ШЕСТИОТ КАВАДАРЕЧКИ ПОЛУМАРАТОН.
ОКОЛУ 600 УЧЕСНИЦИ ВО ТРКИТЕ НА 5, 10 И 21 КМ ОД ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА КАКО И ГОСТИ ОД СРБИЈА И ХРВАТСКА..









# НАСТАНИ

ВО ПРЕСРЕТ НА ПРАЗНИКОТ 8 МАРТ – ДЕНОТ НА ЖЕНАТА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ТОДОР ЕФРЕМОВ, ИМ ПОДАРИЈА РУЖИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЖЕНИ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.
СРЕЌЕН 8 МИ МАРТ ДАМИ, БИДЕТЕ СРЕЌНИ И ПОЧИТУВАНИ СЕКОЈ ДЕН!







ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА НАСТАН ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА 8 МАРТ НА ТЕМА " ИНСПИРИРАЈ ВКЛУЧУВАЊЕ " ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ , СТРУЧНИ ЛИЦА ОД ЦСЗС СОС ДЕТСКО СЕЛО И ЈУМ ЦСР КАВАДАРЦИ .
ДА ИНСПИРИРАМЕ ИНКЛУЗИЈА !
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.






ОТВОРЕН ДЕН ЗА ЈАВНОСТА, ОРГАНИЗИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА И АРМ, СО КОЈ СЕ ОДБЕЛЕЖУВААТ 75 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА НАТО И ГОДИНИ ОД ЧЛЕНСТВОТО НА МАКЕДОНИЈА ВО АЛИЈАНСАТА. ИЗВЕДБА НА ВОЕНИОТ ОРКЕСТАР АРТИЛЕРИСКИ СРЕДСТВА ПРИКАЗ НА ВОЕНА ОПРЕМА И ВОЗИЛА





ВЕТЕНО, СТОРЕНО!
РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВЕЌЕ Е ЗАВРШЕН.
ДЕНЕС ВО ПОСЕТА НА ЦЕНТАРОТ БЕА СИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ОД ВПР, МИНИСТЕРОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА РИСТО ПЕНОВ, ДИРЕКТОРОТ НА ВПР САШО МОШЕВ, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО PAWS-2021 / ШЕПИ-2021 , КОИ БЕА И НАЈГОЛЕМИ ИНИЦИЈАТОРИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОВОЈ ЦЕНТАР.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.







ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, СЕ ОДРЖА СЕДУМНАЕСЕТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН.



## 40-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!







ОТКАКО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, КАКО И СПУШТАЊЕ НА ДАЛЕКОВОДОТ ОД СТРАНА НА ЕВН, СЕ ПРИСТАПУВА КОН ПРИПРЕМА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР. ВО ОВАА ФАЗА СЕ ВРШИ ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ ПО ШТО ЌЕ СЛЕДИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 1400 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО С.ДРЕНОВО ВЕЌЕ ГО ДОБИВА КОМПЛЕТНИОТ ЛИК. ДЕНЕС, СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА, КАКО И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ.







ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО РЕГИОНАЛЕН СТАЦИОНАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ НА ПОВРШИНА ОД 330 М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА И ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.







ВЕЛИКИ ПОКЛАДИ - ПРОЧКА, ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИЦИ КОЈ НЕ УЧИ НА ЉУБОВТА, ЧОВЕЧНОСТА И ПРОСТУВАЊЕТО.
СЕКОЈ ГРЕШИ И СЕКОЈ ЗАСЛУЖУВА ПРОШКА. СЕКОЈ ТРЕБА ДА ЗНАЕ ДА ПРОСТУВА. САМО ТАКА МОЖЕМЕ ДА ПРОДОЛЖИМЕ ПО БОЖЈИОТ ПАТ НА КОЈ НЕ ПРЕЧЕКУВААТ ЉУБОВТА, МИРОТ И СПАСЕНИЕТО.
НА СИТЕ ПРАВОСЛАВНИ ВЕРНИЦИ НЕКА ИМ Е ЧЕСТИТ ДЕНЕШНИОТ ГОЛЕМ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ПРОЧКА.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ

# НАСТАНИ

ИНТЕРВЕНТЕН ЦЕНТАР ЗА ПРИВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЛИЦА СО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА И ПРЕНАМЕНАТА НА ПОСТОЈАН ОБЈЕКТ НА УЛ.7 СЕПТЕМВРИ ВО КАВАДАРЦИ. НАМЕНАТА НА ОВОЈ ОБЈЕКТ Е ОД СОЦИЈАЛЕН КАРАКТЕР И ИСТИОТ ВКЛУЧУВА ШЕСТ АПАРТМАНИ.

ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 6.322,282,77 ДЕНАРИ СО ВКЛУЧЕН ДДВ ОД КОИ 3.376.361,00 ДЕНАРИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ И УЧЕСТВО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ИЗНОС ОД 2.945.921,77 ДЕНАРИ.

ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ ОД КАВАДАРЦИ. УПАТУВАМЕ ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ПОМАГАТЕЛИ НА ОВОЈ ПРОЕКТ, КОИ ПРИДОНЕСОА КОН УРЕДУВАЊЕ НА АПАРТМАНИТЕ СО НЕОПХОДНАТА ОПРЕМА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ. ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ОБСЕ, ВВ ТИКВЕШ, ПРИМА МЕБЕЛ, СЛОГА ПРОМ , ИП ДИЗАЈН, СВИТ АРТ, ВЕЛКОМ ТРЕЈД , ЖИТО ЈУГ , НЕПТУН, ПЕЦА КОМЕРЦ, ДИ/БОР БОШЕВИ, МАШИНОКОП, ФЕР МЕБЕЛ, РИСТЕ ВУКОВ И КОМФИ АНГЕЛ.








ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ КОЈ СЕ ПРОТЕГА СЕ ДО С.ВАТАША.

ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е МИНОР КОРИТОТО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД. ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1 МИЛИОН ЕВРА.







РАБОТНА СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ. ЗАДОВОЛСТВО ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОВР КАВАДАРЦИ КАКО И МАКСИМАЛНАТА ИСКОРИСТЕНОСТ НА УНИФОРМИРАНИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ВО ОДНОС НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕТСТАВУВА БЕЗБЕДЕН И МИРЕН ГРАД ЗА ЖИВЕЕЊЕ, СО ПОМОШ НА СОФТВЕРОТ НА СЕЈФ СИТИ КОЈ ВКЛУЧУВА ОКОЛУ 26 КАМЕРИ, А СО ТОА СЕ ОВОЗМОЖУВА ПОБЕЗБЕДНО И ПОСИГУРНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ. ЕДЕН ОД ЗАКЛУЧОЦИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД СРЕДБАТА Е, ВО ИДНИНА ДА СЕ ВОВЕДАТ РОТАЦИОНИ СВЕТЛА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ МАШИНИ КОИ ГИ КОРИСТАТ ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА СВОИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКО ЛОЗАРСКИ АКТИВНОСТИ.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОРГАНИЗАЦИИТЕ КОИ РАКОВОДАТ СО МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР. НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ, ОСОБЕНО ОНИЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА МЛАДИТЕ. ЗА ТАА ЦЕЛ, ЧЛЕНОВИТЕ НА МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР СЕ СЛОЖИЈА ДА ФОРМИРААТ РАБОТНА ГРУПА КОЈА ЌЕ РАБОТИ НА ИЗРАБОТКА НА ПРЕДЛОГ ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ, КАКО И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТАТА 2024-2026 ГОДИНА.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЃОКО ВЕЛКОВСКИ БЕШЕ ВО ПОСЕТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ДРЕНОВО. РЕКОНСТРУИРАН И АДАПТИРАН ОБЈЕКТ ОД СТРАНА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОЈ ПРЕМИНА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА. НА ИСТАТА ИМА ПОСТАВЕНО ЗАШТИТНА ОГРАДА ОД БУЏЕТОТ НА ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" ВНАТРЕШНО ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДИНКАТА БЕШЕ ОБЕЗБЕДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА.
ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





# СПОРТ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ЦЕЛОСТ ГИ ИСПЛАТИ ПЛАНИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД РЕЧИСИ 1.5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ НАМЕНЕТИ ЗА СИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ ЗА 2023 ГОДИНА ПО ПРЕТХОДНО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ. ГОРДИ СМЕ НА СИТЕ УСПЕСИ ОД СИТЕ СПОРТИСТИ И СПОРТСКИ КЛУБОВИ. СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА СО ОВА ЌЕ ГИ ПОТТИКНЕМЕ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ. ЗАТОА ШТО ТИЕ СЕ НАШИ АМБАСАДОРИ, НАШАТА ГОРДОСТ И СЕКОГАШ ЌЕ ЈА ИМААТ НАШАТА ПОДДРШКА. КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД.
ЗА СПОРТСКО КАВАДАРЦИ!




# НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ЦЕЛОСТ ГИ ИСПЛАТИ ПЛАНИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД РЕЧИСИ 1.5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ НАМЕНЕТИ ЗА СИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЗА 2023 ГОДИНА ПО ПРЕТХОДНО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ. ГОРДИ СМЕ НА СИТЕ УСПЕСИ ОД НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР И ОЧЕКУВАМЕ УШТЕ МНОГУ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ. СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА СО ОВА ЌЕ ГИ ПОТТИКНЕМЕ ЗА УШТЕ ПОВЕЌЕ И УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ОД КАВАДАРЦИ УСПЕШНО ЗАВРШИ УШТЕ ДВА ПРОЕКТА РЕАЛИЗИРАНИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС.БЕШЕ ЗАДОВОЛСТВО ДА СЕ БИДЕ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ИГРАТА ПРОДОЛЖУВА, ПРОЕКТ КООРДИНИРАН ОД ДАНСКАТА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ВО ПАРТНЕРСТВО СО УЧИЛИШТЕ ОД ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА И УЧИЛИШТЕ ОД МАДРИД, ШПАНИЈА. ЗА ВРЕМЕ НА МОБИЛНОСТА СО УЧЕНИЦИ ВО КОПЕНХАГЕН, ДАНСКА, ДЕСЕТ УЧЕНИЦИТЕ СЕ СТЕКНАА СО ВЕШТИНИ ЗА ЛОГИЧКО РАЗМИСЛУВААЊЕ ПРЕКУ ИГРАЊЕ ЕДУКАТИВНИ КОМПЈУТЕРСКИ ИГРИ. ГЕИМИФИКАЦИЈАТА КАКО ОСНОВНА ТЕМА КОЈА СЕ ПОВЕЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА КАКО НАЧИН НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА МОТИВАЦИЈАТА ЗА УЧЕЊЕ КАЈ ДЕЦАТА БЕШЕ ТЕМА НА МОБИЛНОСТИТЕ КОИ СЛЕДЕА ВО ИСТАМБУЛ И МАДРИД , КАДЕ БЕШЕ ПРИКАЖАНО КАКО УПОТРЕБАТА НА КОМПЈУТЕРСКИ ИГРИ МОЖЕ ДА БИДЕ УПОТРЕБЕНА ЗА НАСТАВНИ ЦЕЛИ, ПОСЕБНО ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА СТРАНСКИ ЈАЗИК, МАТЕМАТИКА И ПРИРОДНИ НАУКИ, А НЕ САМО КАКО ИГРА ЗА ЗАБАВА. БИДИ ПРИЈАТЕЛ, НЕ НАСИЛНИК Е ТЕМАТА НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ, ТЕМА КОЈА ШТО Е СЕКОГАШ АКТУЕЛНА БИДЕЈЌИ СЕ ОДНЕСУВА НА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО И КАКО ДА СЕ СПРЕЧИ ИСТОТО. ПОД КООРДИНАЦИЈА НА ФИНСКА, ВО ПАРТНЕРСТВО СО УЧИЛИШТА ОД БРИТАНИЈА, ТУРЦИЈА И ШПАНИЈА, УЧЕНИЦИТЕ УЧЕА ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БУЛИНГОТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА МЛАДИТЕ И КАКО ДА ИМ СЕ ПОМОГНЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЖРТВИ СО ТОА ШТО ЌЕ ИМ СЕ ПОДАДЕ РАКА НА ОНИЕ ВРЗ КОИ СЕ ВРШИ НАСИЛСТВОТО, НЕЗАВИСНО ДАЛИ Е ТОА ВЕРБАЛНО,ФИЗИЧКО ИЛИ СЕ ПОЗАЧЕСТЕНАТА ФОРМА НА БУЛИНГ ПРЕКУ КОМПЈУТЕР. ГОЛЕМ БРОЈ УЧЕНИЦИ ОД НАШЕТО УЧИЛИШТЕ НАУЧИЈА КАКО ДА СЕ ПОТТИКНАТ ДРУГИТЕ ДА РАЗВИВААТ ТОЛЕРАНЦИЈА И РАЗБИРАЊЕ СО ВЗАЕМНА ПОЧИТ КОН СИТЕ КОИ СЕ РАЗЛИЧНИ ОД НИВ. ЗА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+, МНОГУ ВАЖНИ АСПЕКТИ СЕ: СОЦИЈАЛНОТО ВКЛУЧУВАЊЕ, ЗЕЛЕНАТА И ДИГИТАЛНАТА ТРАНЗИЦИЈА И ПРОМОВИРАЊЕТО НА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО ВО ДЕМОКРАТСКИОТ ЖИВОТ. ПОДДРЖАНИ СЕ ПРИОРИТЕТИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА ОБРАЗОВНА ОБЛАСТ, АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ДИГИТАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОГРАМАТА ЗА ВЕШТИНИ ЗА ЕВРОПА.СРЕЌНИ СМЕ ШТО СМЕ ДЕЛ ОД ТИМОТ НА НАЈИНТЕРЕСНИТЕ И НАЈКОРИСНИТЕ ЕВРОПСКИ ПРОГРАМИ. КОРИСТЕЈЌИ ГИ БЕНИФИТИТЕ ОД НАУЧЕНОТО И ДОЖИВЕАНОТО ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС,ПРЕНЕСУВАМЕ ИСКУСТВА И ГРАДИМЕ ПОУБАВА ИДНИНА ЗА СИТЕ НАС.





# ДОБРЕДОЈДЕ ПРОЛЕТ

ОВА Е НАЈУБАВИОТ ПЕРИОД ОД ГОДИНАТА, КОГА СОНЦЕТО Е СЕ ПОВЕСЕЛО, А ДЕЦАТА СЕ НЕСТРПЛИВИ ДА ГИ ИСПОЛНАТ ПАРКОВИТЕ СО ДЕТСКА СМЕА. ДЕЧИЊАТА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА„ НЕ ИЗРАДУВАА СО ЦВЕТНО ДЕФИЛЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, ПО ПОВОД ПРВИОТ ПРОЛЕТЕН ДЕН













# ИНФОРМАТИВНО

ВОЗНИОТ ПАРК НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Е ЗБОГАТЕН СО УШТЕ ЕДНО НОВО ВОЗИЛО. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ИЗЈАВА ЗА КТВ ИСТАКНА ДЕКА ГРАЃАНИТЕ ВЕЌЕ ГИ КОРИСТАТ УСЛУГИТЕ НА ГРАДСКИ ПРЕВОЗ И ПРЕТПРИЈАТИЕТО Е ВО СОЛИДНА КОНДИЦИЈА. ДИРЕКТОРОТ АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ НАЈАВИ ДЕКА ОД ПОЧЕТОКОТ НА АПРИЛ ЗАПОЧНУВА ДА ВОЗИ И ТУРИСТИЧКИОТ ВОЗ „ГРОЗДОБЕРКО".





ИНФОРМАЦИЈА ОД КАБИНЕТ НА ГРАДОНАЧАЛНИК МИТКО ЈАНЧЕВ
ПО ЗАЛАГАЊЕТО НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ЗА ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ, НА 22.03.2024 ГОДИНА СЕ СКЛУЧИ ДОГОВОР ЗА ПРОДАЖБА НА ФАБРИКАТА ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ОД СТРАНА НА КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ СО КОМПАНИЈАТА POLYNICKEL HOLDING BV, КОЈА Е ДЕЛ ОД ГРУПАЦИЈАТА YILDIRIM GROUP, А ПРЕКУ НОВОФОРМИРАНАТА КОМПАНИЈА ДАБЛ ИГЛ ДООЕЛ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СЕ СРЕЌНИ ШТО ОВАА ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФЕРОНИКЕЛ, ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ РЕГУЛАТИВИ, ЌЕ ЗАПОЧНЕ СО ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕД СЕ ЌЕ ГИ ПОВЛЕЧЕ НА РАБОТА СИТЕ ВРАБОТЕНИ КОИ БЕА ДЕЛ ОД ФАБРИКАТА, НО И СИТЕ КОМПАНИИ КОИ СЕ ДИРЕКТНИ ДОБАВУВАЧИ НА ФАБРИКАТА. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ ЌЕ СЕ ЗАЛАГААТ СПОРЕД СИТЕ ПРАВНИ И ЗАКОНСКИ МОЖНОСТИ, ЗАЕДНО СО СТЕЧАЈНИИОТ УПРАВНИК, ПРЕКУ СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА НА ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ, ДА СЕ ОБЕШТЕТАТ ВРАБОТЕНИТЕ И СИТЕ ОСТАНАТИ ДОВЕРИТЕЛИ.

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Андоноски
Дизајн: Добре Петрушев
Насловна форографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk